Предлог

Врз основа на член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 6, 7 и 10 став 1 алинеја 2 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија“ бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и член 52 став 1 од Статутот на општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.01/26), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на 11-та седница одржана на ден __05.2026 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донација на сигнални уреди за регулирање на сообраќај (семафори) на ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ Велес**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Општина Велес донира сигнални уреди за регулирање на сообраќај (семафори) на на ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ Велес.

Донацијата се состои од:

- сигнални уреди за регулирање на сообраќај (семафори), односно латерни и тоа возачка латерна со големина Ф300- вкупно 10 вертикални и хоризонтални и пешачки латерни со големина вертикални Ф200- вкупно 8 и бројчаници 4.

**Член 2**

За донацијата на сигнални уреди за регулирање на сообраќај (семафори) ќе биде изготвен Записник и склучен Договор помеѓу ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ Велес како прималел на донацијата и Градоначалникот на Општина Велес како давател на донација согласно Законот за донација и спонзорства во јавните дејности.

**Член 3**

Овој Договор за донација се склучува со цел семафорите да послужи како нагледно средство во спроведување на настава во сообраќајната струка во ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ Велес.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

**Образложение**

На ден 24.04.2026 година од страна на ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“ Велес до Општина Велес е доставено Барање со арх. бр.14-2093/1 за донација на старите уреди за сигнализација (семафори) и потребата од нив како нагледно средство кои ќе се користат во сообраќајната струка во нивното техничко средно училиште.

Сигналните уреди за регулирање на сообраќај (семафори) поради намалена функција и амортизација која се користеше за потребите на Општина Велес во регулирањето на сообраќајот во Велес може повторно да се искористи во пракса, но само онаму каде што има потреба.

Врз основа на горенаведеното, се предлага оваа Одлука до Советот на Општина Велес.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-315/1
24.04. 2026 год.
ВЕЛЕС
Архивски знак: 0906
Рок на чување: Трајно
20 год.
Потпис.
... СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
24-04-2026
14-2093/1 1

ДСУ РЦСОО „Коле Неделковски“
ул. „Андон Шурков“ 4а
1400 Велес

www.kolenedelkovski.edu.mk
e-mail: kolenedelkovski@yahoo.com
facebook.com/rcsookolenedelkovski

До
Општина Велес

**Предмет:** Барање

Почитувани

Го доставуваме ова барање со цел да ни ги донирате старите уреди за сигнализација во сообраќајот (семафорите). Со оглед дека нашето училиште е техничко и имаме сообраќајна струка би можеле истите да ги искористиме како нагледни средства. Однапред ви благодариме.

Со почит,

24.04.2026
Велес

Директор
Горан Богоевски